**201908201108**

## ФОНД ЗА ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на член 54 став 1 точка 8 и член 56 став 1 точка 3 од Законот за здравственото осигурување Закон за здравственото осигурување („Службен весник на Република Македонија“ број 25/2000, 34/2000, 96/2000, 50/2001, 11/2002, 31/2003, 84/2005, 37/2006, 18/2007, 36/2007, 82/2008, 98/2008, 6/2009, 67/2009, 50/2010, 156/2010, 53/2011, 26/2012, 91/2013, 187/2013, 43/2014, 44/2014, 97/2014, 112/2014, 113/2014, 188/2014, 20/2015, 61/2015, 98/2015, 129/2015, 150/2015, 154/2015, 192/2015, 217/2015, 27/2016, 37/2016, 120/2016, 142/16 и 171/2017) и Правилникот за утврдување на начин и методологија за утврдување на цени на ортопедски и други помагала („Службен весник на Република Македонија“ број 81/2010, 181/2011, 189/2014, 46/2015 и 52/2016), Управниот одбор на Фондот за здравствено осигурување на Република Северна Македонија, на седницата одржана на 29 март 2019 година, донесе

## ОДЛУКА ЗА ДОПОЛНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УТВРДУВАЊЕ НА РЕФЕРЕНТНИ ЦЕНИ НА ОРТОПЕДСКИ И ДРУГИ ПОМАГАЛА ЗА КОИ ОСИГУРЕНИТЕ ЛИЦА МОЖАТ ДА ОСТВАРАТ ПРАВО НА ТОВАР НА ФОНДОТ ЗА ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Член 1

Во член 2 од Одлуката за утврдување на референтни цени на ортопедски и други помагала за кои осигурените лица можат да остварат право на товар на Фондот за здравствено осигурување на Република Северна Македонија („Службен весник на Република Северна Македонија“ број 18/2004, 76/2004, 56/2006, 61/2006, 1/2007, 62/2007, 115/2007, 132/2007, 14/2008, 37/2008, 132/2008, 88/2009, 131/2009, 16/2010, 66/2011, 99/2011, 5/2012, 151/2013, 10/2014, 189/2014,167/2016, 129/2018, 228/2018, 10/2019 и 44/2019), во табелата по редниот број 6 се додава:

| **НАДКОЛЕНИ ПРОТЕЗИ** | | |
|---|---|---|
| **Реден бр.** | **Назив на помагалото, материјал, резервни делови** | **Единечна цена со сите давачки** |
| 6А | Надколена скелетна протеза со карбонско лежиште | 132.225,00 |

по редниот број 31А се додава:

| **ЗГЛОБНИ МЕХАНИЗМИ** | | |
|---|---|---|
| **Реден бр.** | **Назив на помагалото, материјал, резервни делови** | **Единечна цена со сите давачки** |
| 31Б | Хидраулично повеќеосовинско колено | 91.952,00 |

по редниот број 35 се додава:

| **СТОПАЛА** | | |
|---|---|---|
| **Реден бр.** | **Назив на помагалото, материјал, резервни делови** | **Единечна цена со сите давачки** |
| 35А | Карбонско динамично стопало за високо активни корисници | 87.008,00 |

по редниот број 36 се додава 36А, а по редниот број 40 се додава 40А:

| **СУСПЕНЗИИ И КОЗМЕТИКА** | | |
|---|---|---|
| **Реден бр.** | **Назив на помагалото, материјал, резервни делови** | **Единечна цена со сите давачки** |
| 36А | Суспензија за брзо навлекување на протеза (kiss system) | 13.407,00 |
| 40А | Надколена силиконска навлака за чунка | 14.066,00 |

Член 2

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“, а ќе се објави по добивањето на согласност од министерот за здравство.

Бр. 02-5125/14
1 април 2019 година
Скопје

Управен одбор
Претседател,
д-р **Ридван Асани,** с.р.